# Службен весник на Република Македонија

**Број 213** **21 ноември 2018, среда** **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3840. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствена станица Липково во Липково............................................ | 2 |
| 3841. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на ЈУ Национален парк Пелистер- Битола.............................. | 2 |
| 3842. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. заменик на директорот на Бирото за развој на образованието....................................... | 2 |
| 3843. | **Решение** за именување в.д. заменик на директорот на Бирото за развој на образованието........................ | 2 |
| 3844. | **Решение** за впишување на здружение во Регистарот на здруженија од областа на социјалната заштита....... | 3 |
| 3845. | **Одлука** за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС...................... | 3 |
| 3846. | **Одлука** за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ во 2018 година, за највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност од јавен интерес на Република Македонија.................. | 4 |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-60** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3840.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР - ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕНА СТАНИЦА ЛИПКОВО ВО ЛИПКОВО**

1. Дритон Рамадани се разрешува од должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствена станица Липково во Липково.

2. За член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствена станица Липково во Липково се именува Хаџере Мемети.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 24 – 10348/1
13 ноември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3841.**

Врз основа на член 138 став 1 и 2 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016, 63/2016 и 113/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР- ПРЕТСТАВНИК ОД ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА НАДЛЕЖЕН ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА НА ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР- БИТОЛА**

1. Милева Тагасовска се разрешува од должноста член на Управниот одбор- претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

2. За член на Управниот одбор- претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола се именува Дејан Гашоски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 10349/1
13 ноември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3842.**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014, 30/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

1. Ванчо Петрушевски се разрешува од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 10350/1
13 ноември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

---

**3843.**

Врз основа на член 20 од Законот за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013, 41/2014, 30/2016 и 64/2018), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 13 ноември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА БИРОТО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

1. За вршител на должноста заменик на директорот на Бирото за развој на образованието, орган во состав на Министерството за образование и наука се именува Мирван Џемаиљи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 24 – 10351/1
13 ноември 2018 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3844.**

Врз основа на член 155 став 4 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 105/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17 и 51/18) и член 6 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на Регистар на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2005), министерот за труд и социјална политика, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ВПИШУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕ ВО РЕГИСТАРОТ НА ЗДРУЖЕНИЈА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

1. Барањето на Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ - Скопје, СЕ УВАЖУВА.

2. Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ - Скопје, со седиште на ул. „Влае“ бр. 42, Скопје - Карпош, се впишува во Регистарот на здруженија од областа на социјалната заштита, што се води при Министерството за труд и социјална политика.

3. Конечното решение за впишување се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

4. Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ - Скопје, со седиште на ул. „Влае“ бр. 42, Скопје - Карпош, ќе се изврши најдоцна пет дена од денот на објавувањето на решението во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 10-8425/4
21 септември 2018 година
Скопје

Министер,
**Мила Царовска**, с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3845.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 (“Службен весник на Република Македонија” бр.96/18) и член 50 став (1) алинеја 1 и член 51 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетски дејности (“Службен весник на Република Македонија” бр.143/11, 78/13, 33/15 и 207/16), постапувајќи по Барањето за престанување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, УП1 бр. 11-35/11 од 26.10.2018 година, на Друштвото за транспорт, трговија и услуги РТ ТРАНС ЛОГИСТИК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на 16 ноември 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ЕУРОДИЗЕЛ БС**

1. Лиценцата за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС, на Друштвото за транспорт, трговија и услуги РТ ТРАНС ЛОГИСТИК ДООЕЛ експорт-импорт Скопје со евидентен број НД - 35.3.1/11.2/13.2/14.2/16.2/16.2/17 издадена со Одлука УП1 Бр.11-35/11 од 30.11.2011 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-66/13 од 27.5.2013 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-164/14 од 18.11.2014 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-35/11 од 16.3.2016 година, изменета со Одлука УП1 бр.11-35/11 од 30.8.2016 година и изменета со Одлука УП1 бр.11-35/11 од 28.6.2018 година (“Службен весник на Република Македонија” бр. 168/11, 78/13, 170/14, 54/16, 164/16 и 82/17), ПРЕСТАНУВА, по барање на носителот.

2. Оваа Одлука е конечна во управната постапка.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

УП1 бр. 11-35/11
16 ноември 2018 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

## ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

**3846.**

Врз основа на членовите 1, 5, 12, 16, 17 и 18 од Законот за државните награди („Службен весник на Република Македонија“ број 52/2006, 54/2007, 74/12 и 99/18), Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“, на седницата одржана на 7 ноември 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА НАГРАДА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО 2018 ГОДИНА, ЗА НАЈВИСОКО ПРИЗНАНИЕ ЗА ДОЛГОГОДИШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА ВОСПИТАНИЕТО, ОБРАЗОВАНИЕТО, КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА, ЗДРАВСТВОТО, ЗАШТИТАТА И УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА И ВО СОЦИЈАЛНАТА ДЕЈНОСТ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. Во областа на воспитанието и образованието, државната награда им се доделува на:
- Кимет Агаи, просветен работник и
- Аднан Агаи, просветен работник.

II. Во областа на културата и уметноста, државната награда им се доделува на:
- Владимир Милчин, режисер,
- Емилија Стаменковиќ, балетски уметник и
- Томислав Османли, писател.

III. Во областа на здравството, државната награда му се доделува на:
- проф. д-р Борислав Каранфилски, патофизиолог.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08 - 6679/2
19 ноември 2018 година
Скопје

Одбор за доделување на Државната
награда „Св. Климент Охридски“
Претседател,
акад. **Влада Урошевиќ**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2018 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

ISSN 0354-1622
2018213